ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4201/6
19-06-2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 6-тата седница одржана на ден 12.06.2024 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со број 08-4201/1 од 30.10.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-4201/1 од 30.10.2021 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 08-4201/1 од 30.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
ДКСК на колегиум одржан на 20.09.2021 година заклучи да изврши проверка во изданијата на Службен весник на РСМ во 2021 година, и да утврди кои лица се избрани/именувани лица односно на кои лица им престанала функцијата и да се направи увид во евиденцијата на ДКСК за да се утврди кои лица не ја исполниле законската обврска за поднесување анкетен лист до ДКСК по избор/именување односно престанок на функција.
ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето -------------------, во законски утврдениот рок по престанок на функцијата член на управен одбор на ЈЗУ ----------------------------------------- не поднело анкетен лист со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице до ДКСК не е постапено по однос на издадениот прекршочен платен налог по што ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија при ДКСК.

Од страна на Прекршочната комисија донесено е РЕШЕНИЕ во кое го прогласуваат за ОДГОВОРЕН.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Б.С., советник
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**